12804

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
24. III. 1970

МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ НА СКОПЈЕ И ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

# Поддржана ориентацијата на Музејот

## — ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТЕЊЕ ЌЕ ИМ БИДЕ ДАДЕНА НА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ЛИКОВНИТЕ ТВОРЦИ

Музејот за современа уметност во Скопје на вчерашниот состанок, што го одржа во своите простории со членовите на управата на Друштвото на ликовните уметници на Македонија го постави прашањето за постановката на македонската уметност во својата нова зграда (таа е во изградба и треба да биде готова до 13 ноември годинава), за исклучителната намена на таа зграда за Музејот (ова и затоа што постои и мислење дека во нејзините простории треба да најдат место и музеи од друг карактер) и прашањето на идната програма на Музејот во новата зграда.

На вчерашниот состанок Музејот за современа уметност на Скопје ја имаше поткрепата од ликовните творци во неговата активност дури и согласноста самите тие во форумите, во кои делуваат, да се заземаат за оваа институција пред фондовите за финансирање на културните дејности. Авторите на ликовните дела беа категорични во мислењето дека новата зграда на Музејот за современа уметност треба да му припаѓа само нему, на Музејот. Што се однесува до програмата на Музејот беше прифатена досегашната ориентација во делувањето на институција со барање идната програма за работење, набележена и за подолг временски период да им биде дадена на разгледување.

На овој состанок стана збор и за синтезата на ликовното и архитектонското творештво при ликовното обликување на градот и за потребата од симпозиум за ликовно обликување на Скопје.

О. Сп.